Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден __.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за предавање**
**на отпад од електрична и електронска опрема**
**(светилки) на територија на Општина Велес**
**на Нула отпад Доо Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Општина Велес светилките кои се менуваат на територија на Општина Велес да се предадат на Нула Отпад Доо Скопје врз основа на Договор за соработка за постапување со отпадна електрична и електронска опрема склучен помеѓу Општина Велес и НУЛА ОТПАД Доо Скопје со бр.08-2634/1 од 05.05.2023 година.

**Член 2**

Електричната и електронската опрема се состои од натриумови светилки со висок притисок со моќност од 70 w и 150 w поставени на метални, бетонски или дрвени столбови кои треба да се заменат со нови лед светилки.

**Член 3**

Предавањето на светилките ќе се спроведува сукцесивно и за секое предавање на НУЛА ОТПАД Доо Скопје ќе се составува записник за бројна состојба.

**Член 4**

Постапувањето со овој вид на отпад (собирање, селектирање,транспорт и третман на светилките од страна на НУЛА ОТПАД Доо Скопје ќе се врши без надоместок согласно одредбите од Договорот за соработка за постапување со отпадна електрична и електронска опрема склучен помеѓу Општина Велес и НУЛА ОТПАД Доо Скопје со бр.08-2634/1 од 05.05.2023 година.

**Член 5**

За утврдување на бројна состојба на променети светилки ќе се формира Комисија од страна на Градоначалникот која ќе ја следи постапката за промена на светилките.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Општина Велес е склучен Договор за јавна набавка на стоки со Македонски телеком АД за електроснки комуникации-Скопје со бр.05-3672/13 од 19.11.2024 година за Модернизација на јавното осветлување во Општина Велес.

Од оваа причина,а со цел поставување на нови лед светилки, потребно е да се променат постоечките светилки со моќност од 70 и 150 w поставени на територија на Општина Велес.

Со оглед на тоа што Општина Велес има склучено Договор за соработка за постапување со отпадна електрична и електронска опрема склучен помеѓу Општина Велес и НУЛА ОТПАД Доо Скопје со бр.08-2634/1 од 05.05.2023 година, постоечките светилки кои во мемонтот на вадење имаат својство на отпад сукцесивно ќе се предаваат за понатамошно постапување на НУЛА ОТПАД Доо Скопје согласно нивните надлежности за собирање, селектирање,транспорт и третман на отпад на електрична и електронска опрема која се создава на територија на Општина Велес.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 05-3672/13
19.11 2024 год.
ВЕЛЕС

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 609015/3 8
Дата 27-11-2024

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А.** Општина Велес, со седиште на ул.„Панко Брашнар“ бр.1, 1400 Велес, Република Северна Македонија,застапуван од градоначалник Марко Колев (Во понатамошниот текст „Договорен орган“) од една страна,и

**Б. Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје** со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр.6 - Скопје, со ЕДБ 4030997339640, претставувано од Главен извршен директор, Никола Љушев и Главен Комерцијален Директор за деловни корисници, Марјан Богатиновски (во понатамошниот текст Носител на набавката).

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) **„Договорен орган“** - е субјект дефиниран во член 9 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавните набавки;

2) **„Носител на набавката“** - е понудувач или група на понудувачи чија понуда е избрана за најповолна и со кој/и е склучен договорот за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на стоки“** – е договор за јавна набавка чиј предмет на набавка е една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката. Договорот за јавна набавка на стоки може да вклучува и услуги за нивно поставување и вградување;

4) **„Договорна цена“** - е цената која ја побарува Носителот на набавката во својата понудата која во согласност со критериумите наведени во тендерската документација била избрана за најповолна и во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата;

5) **„Испорака“** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) **„Сродни услуги“** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор;

7) **„Сервисирање“** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) **„Подизведувач“** - правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на следната/те стока/и: „Модернизација на јавното осветлување во Општина Велес“. Постапката е спроведена како отворена постапка за јавна набавка на стоки- Отворена постапка бр. 15577/2024, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки од 25.09.2024 година врз основа на одлука за јавна набавка бр. 05-3672/1 од 24.09.2024 година и одлука за избор на најповолна понуда бр. 05-3672/9 од 04.11.2024 година.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е странскиот јазик со превод на Македонски јазик.

Во случај на спор релевантна е верзијата на Договорот на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена на стоката/те од член 2 на овој Договор изнесува 76.270.558,10 денари без вклучено ДДВ, 13.728.700,46 е износот на ДДВ односно 89.999.258,56 денари со вклучено ДДВ.

Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА

**Член 5**

Договорниот орган плаќањето за предметната набавка ќе го врши на следниот начин:
На 36 еднакви месечни рати по целосна имплементација на решението, и потпишан записник од економскиот оператор и овластено лице од Општина Велес за примопредавање на решението, со рок на плаќање од 30(триесет) дена од доставената фактура за месечна рата.

Во прилог на фактурата се доставува уредно заверена испратница.

**Член 6**

Во случај кога Договорниот орган ќе задоцни, односно нема да ја плати доставената фактура во рокот од член 5 на овој Договор, покрај главнината долгува и казнена камата, согласно важечките законски прописи.

## VII. КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ

**Член 7**

При реализација на договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## VIII. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА АВАНС

**Член 8**

За извршување на договорот за јавна набавка во тендрската документација и во огласот за Отворена постапка бр.15577/2024 не е дозволено авансно плаќање.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечна цена на стоката/ите;
- вкупни цени на испорачаната стока/и;
- вкупна цена со пресметан ДДВ;
- валута на плаќање.

## X. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Договорот се склучува за период од 42 (четириесет и два )месеци сметајќи од денот на склучувањето или до целосно временско, вредносно или количинско исцрпување.

## XI. РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 11**

Договорот за јавна набавка се склучува за период од 42 (четириесет и два )месеци и ќе почне да тече од денот на потпишување на Договорот. Периодот на гарантниот рок од 36 месеци (3 години) започнува по формалното потпишување на записникот за примопредавање на системот од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот за јавна набавка да го реализира согласно утврденото во техничките спецификации и на следниот начин:

-да направи детална анализа на барањата и да изготви финално техничко решение за имплементација на решението на територија на Општина Велес во рок од триесет (30) дена од потпишување на договорот. Анализата треба да биде изготвена во соработка со работната група од Општина Велес, при што финалното техничко решение треба да биде официјално одобрено од страна на Општина Велес со потпишување на записник;

-да испорача ЛЕД светилки, мрежна и комуникациска опрема, апликација и останати материјали потребни за инсталирање и непречено функционирање на системот дефиниран во техничката спецификација;

-да изврши демонтажа на постоечките светилки, и складирање во магацински простор на Општината (сијалиците се сопственост на Општина Велес);

-да ја обезбеди потребната инфраструктура, вклучувајќи хардвер, софтвер, и/или лиценци потребни за работа на интегрираниот систем за управување со ЛЕД светилките;

-да обезбеди гаранција и потполна функционалност на сите испорачани хардверски и софтверски компоненти, како и на услугите на облак (Cloud), во текот на целото времетраење на гарантниот рок од 36 месеци, по финалното потпишување на записникот за примопредавање;
-да изврши обука предвидена со тендерската документација на дел од вработените кај Договорниот орган;
-да ги извршува сите останати обврски определени во тендерска документација и Договорот.

Краен рок за набавка и инсталација на системот, обуката на кадарот и едномесечна пробна работа на системот е 150 (сто и педесет) дена од денот на одобрување на финалното техничко решение од страна на Општина Велес.

Завршувањето на инсталација на системот, обуката на кадарот и едномесечната пробна работа на системот и финалното примопредавање на интегрираниот систем се документираат со потпишување на записници од страна на Општина Велес и економскиот оператор – носителот на набавката.

Носителот на набавката до истекот на крајниот рок за набавка и инсталација на системот, може и сукцесивно да ги испорачува компонентите на системот (да испорача одреден број од вкупниот потребен број на ЛЕД светилки, столбови, мрежна и комуникациска-командна опрема, сензори, софтверски компоненти, апликативна платформа и останати материјали потребни за нивно инсталирање и непречено функционирање) при што двете договорни страни ќе изготват и потпишат записник за примопредавање на опрема и извршени услуги, додека при финалната испорака и инсталација на системот, договорните страни ќе изготват и потпишат финален записник за примопредавање. Гарантните рокови на испорачаната опрема ќе почнат да течат од моментот на финалното примопредавање на интегрираниот систем и пуштање во функција.

Место на испорака на стоките и извршување на дел од услугите е територијата на Општина Велес со замена на постоечките светилки поставени на дрвени, бетонски и метални столбови со нови лед светилки дефинирани во техничката понуда која е составен дел на овој договор. Новите ормари и новите улични кабинети треба да се постават на надворешен ѕид на секоја трафостаница и да се поврзат со потребни кабли со внатрешната енергетска опрема сопственост на договорниот орган.

Договорниот орган во рок не подолг од 10 дена по потпишување на овој договор ќе состави работна група која ќе биде задолжена за имплементација на договорот . Во истиот рок (10 дена од потпишување на договорот) носителот на набавката ќе назначи проектен менаџер кој ќе биде одговорен за имплементација на овој договор.

Овие информации договорните страни се дожни веднаш да ги споделат меѓусебно по писмен пат.

## XII. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 12**

Договорниот орган има право на договорна казна во износ од 0,05% од вкупната вредност на договорот за секој ден доцнење или неуредно извршување на услугите и обврските согласно условите и роковите утврдени во овој договор, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на договорот.

Договорната казна ќе се пресметува од моментот на исполнување на условите предвидени со ставот 1 на овој член, за што Договорниот орган веднаш на писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Договорната казна може да се примени само во случај Договорниот орган да ја иницирал постапката за надминување на недоследностите, дефинирана во член 6 од овој договор.

Во случај на доцнење односно неуредо исполнување, Носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на Договорниот орган, настанати поради доцнење односно неуредно исполнување.**Член 13**

Договорниот орган има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

## XIII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те во време и место предвидени со член 11 од овој Договор.

Носителот на набавката е должен да достави потврда, атест, сертификат за квалитетот на стоката/те што ги испорачува.

Носителот на набавката е должен за испорачаната стока/и да достави и Упатство за нејзино користење на македонски јазик.

**Член 15**

Носителот на набавката е должен да му ја испорача стоката/те на Договорниот орган во

исправна состојба.

## XIV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 16**

Договорниот орган е должен да ја исплати вкупната цената за извршената испорака на стоката/ите определена во член 4 од овој Договор на начин и во рок определен во член 5 од овој Договор.

Договорниот орган е должен да изврши проверка на фактурата, односно на задолжителните податоци кои треба да ги содржи и кои се пропишани со закон.

Доколку фактурата не ги содржи сите информации пропишани со закон, истата се враќа на носителот на набавката.

**Член 17**

Договорниот орган е должен да определи лице/а кое ќе биде задолжено да изврши квантитативен и квалитативен прием на стоката/ите.

Договорниот орган по влегување во сила на овој Договор, до Носителот на набавката ќе достави известување со контакт податоци за лицето/ата задолжено/и за квантитативен и квалитативен прием на стоката/ите.

**Член 18**

Договорниот орган е должен да изготви записник за квантитативен прием на стоките, со кој се потврдува приемот на одредена количина и бараниот вид на стоки, како и прием на потребната документација (испратница, влезна фактура и сл.).

Договорниот орган е должен да изготви и записник за квалитативен прием на стоките, со кои се потврдува дека испорачаната/те стока/и соодветствува/ат во се со договореното.

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола на квалитетот со спроведување на независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

Записникот за квантитативен и квалитативен прием на стоките го потпишуваат лицето/ата задолжено/и за следење на реализација на договорот и овластениот претставник на носителот на набавката, и се составува во два примерока, по еден за секоја договорна страна.

**Член 19**

Во случај кога лицето/ата задолжено за следење на реализација на договорот, утврди дека количината или квалитетот на испораката не соодветствува на договорот, нема да го потпише записникот за квантитативен прием/записникот за квалитативен прием, туку ќе изготви и потпише записник за рекламација.

Во записникот за рекламација се наведуваат причините поради кои извршената испорака не е во согласност со договореното.

**Член 20**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде овозможена испораката и инсталацијата/вградувањето на стоката/ите.

## XV. РИЗИК ЗА ПРОПАЃАЊЕ И ОШТЕТУВАЊЕ НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 21**

До испораката на стоката/те на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на истата го поднесува Носителот на набавката, а со испораката на стоката/те ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот нема да премине врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на испорачаната стока/и, го раскинал Договорот или барал замена на стоката/те.

**Член 22**

Ако испораката на стоката/те не е извршена поради задоцнување на Договорниот орган, ризикот преминува врз Договорниот орган во моментот кога паднал во задоцнување.

**Член 23**

Кога поради задоцнување на Договорниот орган ризикот преминал врз Договорниот орган пред испораката на стоката/те, Носителот на набавката е должен да ја чува стоката/те со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин и за таа цел да ги преземе потребните мерки.

Договорниот орган е должен да ја чува стоката/те која му е испорачана, дури и кога сака да ја врати на Носителот на набавката, поради тоа што го раскинал договорот_од оправдани причини дефинирани во овој договор, или поради тоа што барал друга стока/и наместо испорачаната, доколку истата содржи надостаток дефиниран согласно член 25 од овој Договор.

И во едниот и во другиот случај договорната страна која е должна да ги преземе мерките за зачувување на стоката/те има право на надомест на трошоците потребни заради зачувување на стоката/ите.

## XVI. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 24**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што ги имала во моментот на испораката.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по испораката ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 25**

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се договорени, и

4) кога Носителот на набавката предал стока која не е соодветна на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување.

**Член 26**

Носителот на набавката не одговара за недостатоците од член 25 на овој Договор, ако во моментот на испораката на стоката/ите лицето/ата задолжено за вршење на квантитативен и квалитативен прием би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

Носителот на набавката не одговара и за недостатоците што Договорниот орган можел лесно да ги забележи ако изјавил дека стоката/те нема никакви недостатоци или дека стоката/те има определени својства или одлики.

**Член 27**

Договорниот орган е должен примената стока/и да ја прегледа на вообичаен начин и за видливите недостатоци да го извести по писмен пат Носителот на набавката во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш.

**Член 28**

Кога по приемот на стоката/те од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека истата има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести по писмен пат Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Носителот на набавката не одговара за скриените недостатоци што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од испораката на стоката/те, освен кога со договорот е определен подолг рок.

**Член 29**

Кога поради некој недостаток дошло до поправка на стоката/те, испорака на друга стока/и, замена на делови и слично, роковите од член 27 и 28 на овој Договор почнуваат да течат од предавањето на поправената стока/и, предавањето на друга стока/и, извршената замена на делови и слично.

**Член 30**

Во известувањето за недостатокот на стоката/те Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката/те.

Ако известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

**Член 31**

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката/те да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката/те, ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

**Член 32**

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот) и

2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

**Член 33**

Ако Договорниот орган не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок, тој го задржува правото да го раскине договорот.

**Член 34**

Договорниот орган може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок за исполнување на договорот.

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

**Член 35**

Кога само дел од предадената стока/и има недостатоци, или кога е предаден само дел од предметот, односно помало количество од договореното, Договорниот орган може да го раскине договорот согласно член 33 и 34 од овој Договор, само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Договорниот орган може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Договорниот орган инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 36**

Кога предмет на договорот се повеќе стоки, па само некои од нив имаат недостатоци, Договорниот орган може да го раскине договорот само во поглед на тие стоки, а не и на другите.

Меѓутоа, ако тие сочинуваат една целина така што нивното раздвојување би било штетно, Договорниот орган може да го раскине целиот договор.

**Член 37**

Правата на Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога е испратено известувањето до Носителот на набавката, освен ако со измама на Носителот на набавката Договорниот орган бил спречен да ги употреби.

Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток може, по истекот на рокот од став 1 на овој член, ако уште не ја исплатил цената, да го истакне своето барање да му се надомести штетата, како приговор против барањето на Носителот на набавката да му се исплати цената.

## XVII.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 38**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција за навременото и квалитетно извршување на Договорот, изнесува *5%.*

**Член 39**

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот е со важност до неговото целосно реализирање.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе се врати на Носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на неговото целосно реализирање.

**Член 40**

Гаранцијата за навременото и квалитетно извршување на Договорот, се наплаќа во следните случаи:

-по дополнително доставено писмено известување од страна на Договорниот орган и оставен рок за испорака на стоката/те

-во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната стока/и, верификувано од независна институција за контрола на квалитетот на испорачаната стока/и;

-во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката;

## XVIII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

**Член 41**

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му предаде гарантен лист со кој го гарантира исправното функционирање на стоката/те во текот на определеното време, сметајќи од денот на испораката на истата.

Договорниот орган може, ако стоката/те не функционира исправно да бара од Носителот на набавката, истата да ја поправи во разумен рок или ако тоа не го стори, да му предаде стока/и која функционира исправно.

Носителот на набавката согласно тендерската документација треба да обезбеди гаранција и потполна функционалност на сите испорачани хардверски и софтверски компоненти, како и на

услугите на облак (Cloud), во текот на целото времетраење на гарантниот рок од 36 месеци, по финалното потпишување на записникот за примопредавање.

Постгарантниот период на светилките е согласно понудата на носителот на набавката која е составен дел од овој договор.

**Член 42**

Поради неисправното функционирање на стоката/те, Договорниот орган може да бара од Носителот на набавката, поправка или замена на стоката/те во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

**Член 43**

По изминување на гарантниот период согласно понудата на Носителот на набавката, поправените стоки односно светилики и опрема не подлежат на нова гаранција, туку истите подлежат на старата гаранција иако се заменети со нови. Нивна поправка и замена се прави во гарантниот период.

**Член 44**

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок поправка или замена на стоката/те, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 45**

Носителот на набавката е должен на своја сметка да ја пренесе стоката/те до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетата стока/и да му ја врати назад на Договорниот орган.

За тоа време Носителот на набавката го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на стоката/те.

**Член 46**

Правата на Договорниот орган врз основа на доставениот гарантен лист се гаснат по истекот на гарантиот период согласно понудата на Носителот на набавката и тендерската документрација.

## XIX. СЕРВИСИРАЊЕ

**Член 47**

Во гарантниот период без надоместок се врши корективно одржување на стоката/те со потребните резервни делови и сервисни услуги.

**Член 48**

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаната стока/и кои настанале при нејзино нормално користење.

Резервните делови за стоката/те ги обезбедува Носителот на набавката.

**Член 49**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди сервис на целата територија на Општина Велес.

**Член 50**

Со поправката на дефектот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 7(седум)_работни дена од приемот на пријавата за дефект.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на писмена пријава доставена од страна на Договорниот орган.

Во случај Договорниот орган да бара итна интервенција писмената пријава се доставува дополнително.

**Член 51**

Поправката на дефектите ќе се врши во сервисот на Носителот на набавката, а евентуално заменетите делови стануваат сопственост на Носителот на набавката.

## XX. ОБУКА

**Член 52**

Носителот на набавката е должен да обезбеди обука за најмалку 2(две) лица кои ќе треба да ракуваат со стоката/те, со цел да се обезбеди нејзино нормално користење.

Носителот на набавката е должен на лицата кои ќе ја поминат обуката да им издаде соодветен сертификат со кој се потврдува дека ја поминале неопходната обука и дека се подготвени да ракуваат со стоката/те на начин на кој тоа го пропишал производителот на стоката.

## XXI. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

**Член 53**

Носителот на набавката инсталацијата/вградувањето на стоката/ите од член 2 на овој Договор, нема наведено подизведувач наведен во понудата која е составен дел на овој Договор.

## XXII. ПРАВО НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 54**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето на обврската, одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување на обврската иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна нема да одговара за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

**Член 55**

Договорната страна нема да одговара за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 56**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 57**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос кој произлегува од овој Договор, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XXIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 58**

Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 59**

Кога една од договорните страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 60**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување на обврската ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 61**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 62**

Кога во Договор со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Договорниот орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 63**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 64**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 65**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 66**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 67**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## XXIV. ВИША СИЛА

**Член 68**

Кога исполнувањето на обврската на едната договорна страна во Договорот, станало невозможно поради вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред пристигнувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна (виша сила), обврската на другата страна се гасне, а ако оваа целосно или делумно ја исполнила својата обврска, може да бара тоа да и се врати според правилата за стекнување без основ.

Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.

Договорните страни која е спречена заради Виша сила да ја исполни обврската која произлегува од овој Договор, должна е во рок од 48(четириесет и осум )часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

## XXV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 69**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XXVI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 70**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд во Велес.

**XXVII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 71**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 72**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 74**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Составни делови на овој Договор се:

а) Прилог 1- Техничка понуда доставена од страна на Носителот на набавката на 30.10.2024 година на ЕСЈН во „документи на понудата"

б) Прилог 2-Финансиска понуда доставена од страна на Носителот на набавката на 30.10.2024 година на ЕСЈН во „документи на понудата"

Договорен орган
Општина Велес
градоначалник
Марко Колев

Носител на набавката
Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје
Главен извршен директор
Никола Љушев

Главен Комерцијален Директор
за деловни корисници
Марјан Богатиновски

Изработил: Стефанија Гаврилова
Согласен: Славче Велков
Потврдил: Петре Цилаков
Одобрил:Марија Чатмова

Одобрено од Правна
2

Согласно член 19 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл. Весник на РСМ бр. 176/2021) и согласно член 42 став 4 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Сл.Весник на РСМбр.215/2021) на ден 26.05.2023година склучен е

## ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА
## ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

**Помеѓу:**

**1.** НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр.37/2, 1000 Скопје

ЕДБ: 4032012518645
Ж-сметка:200002491423070
Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Марјанчо Дамески, во понатамошниот текст како НУЛА ОТПАД ДОО Скопје

**2. Општина** Велес,
Градоначалник на Општина Велес Марко Колев
ЕДБ: 4004004117638
ж-ска: 711014100963010
Депонент: НБРМ

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје е правно лице кое согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е регистрирано како колективен постапувач за управување со отпад од електрична и електронска опрема согласно Решение УП1-11/2-1997/2021 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е соработка за ефикасно организирање на собирање на отпадна електрична и електоронска опрема на територијата на подрачјето на Општината.

**Член 2**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се должни преку взаемната соработка да создадат ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадна електрична и електорнска опрема на подрачјето (територија) на Општината Велес.

**Член 3**

Двете страни се обврзуваат дека согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ќе соработуваат на проекти од взаемен интерес со цел обезбедување собирни места и центри кои ќе бидат уредени на таков начин што ќе се овозможи крајните корисници да го оставаат отпадот од електрична и електорнска опрема и во случај кога превземањето на

отпадната електрична и електоронска опрема не е обезбедено, непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи.

**Член 4**

Двете договорни страни се обврзуваат на соодветен начин да ја информираат јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето како и правилното постапување со отпадна електрична и електорнска опрема и можностите за бесплатно предавање и враќање, можностите за рециклирање и преработка на отпадната електрична и електорнска опрема, како и за адресите за собирните места и центри во Општината Велес каде што се врши собирање на отпадна електрична и електоронска опрема.

**Член 5**

Двете договорни страни се согласни, преку взаемна соработка во областа што претставува предмет на овој Договор да ги исполнат националните цели уредени во чл. 22 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

**Член 6**

Договорните страни се согласни меѓусебните права и обврски, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадна електрична и електоронска опрема, како и видот на отпадна електрична и електоронска опрема, видот на системот за собирање, начинот на финансирање и покривање на трошоци како и други прашања од заеднички интерес, детално да ги уредат со Анекс на овој Договор.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Доколку една од договорните страни сака да го раскине Договорот, должна е да го почитува отказниот рок кој изнесува 60 дена.

**Член 8**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 9**

Евентуалните спорови помеѓу договорните страни треба да се решаваат на мирен начин, а доколку тоа е невозможно, спорот ќе се решава пред Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 4 идентични примероци, од кои по два (2) за секоја договорните страни.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

| | |
|---|---|
| **НУЛА ОТПАД ДОО Скопје** | **Градоначалник на Општина Велес** |
| Управител Марјанчо Дамески | Марко Колев |